Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

05.04 2026 година

Архивски број : 67-1687/18

Предмет: Известување за јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија, на дел од КП 2341, КО Лопате-вгр, Општина Куманово

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Министерството за транспорт го става на увид на јавноста, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена Е1.14 – градби за чување и складирање на енергија, на дел од КП 2341, КО Лопате-вгр, Општина Куманово, (аплициран во информацискиот систем е-урбанизам во постапка број 81522), изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес со тех. бр. 23/25 од јули 2026 година.

Јавниот увид ќе трае 7 дена односно од 06.08.2026 до 12.08.2026 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, 1000, Скопје како и на е-адресите: vesna.markovska@mtc.gov.mk и tatjana.stanisavljevikj@mtc.gov.mk

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

Подготвил: Татјана Станисављевиќ, ма
Одобрил: Весна Андриевска, диа
Раководител на Сектор за уредување на простор


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
ул. „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk